**ЗАПИСНИК**
**од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 08.04.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Емилија Јаневска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 17 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Фетаи информирал дека има предавања на факултетот каде што работи и нема да биде во можност да присуствува на седницата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.04.2019 година.
2. Предлози за покренување на прекршочни постапки поради прекршување на Изборен законик.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за" и 1 воздржан гласа од г-дин Трајчев го усвои предложениот Записник од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.04.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за покренување на прекршочна постапка на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ поради прекршување на Изборен законик. Објасни дека кај овој радиодифузер неколку пати од 1-ви до 6-ти април е констатирано надминување на дозволениот лимит за платено политичко рекламирање за еден кандидат за претседател, односно повеќе од 4 минути е емитувано платено политичко рекламирање. Прекршокот е повторен повеќе пати и надминати се лимитите од 4 минути, почнувајќи од 4 минути и 36 секунди до најмногу на 2-ри април каде што има 7 минути и 38 секунди, односно надминување од 3 минути и 38 секунди што е спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик. Од таа причина се предлага Советот да покрене прекршочна постапка против овој радиодифузер поради прекршување на одредбите од Изборен законик.

Г-дин Петрушевски праша дали во овие денови радиодифузерот продолжува со надминување на лимитите, дали имаат информации и контакт со радиодифузерот, односно дали тој е свесен дека ова го прави?

Од Стручната служба му беше одговорено дека немале контакт со радиодифузерот за надминувањето на лимитите за платено политичко рекламирање.

Г-дин Петрушевски рече дека ова прекршување е можеби од незнаење.

Г-дин Ајдини праша дали тој воопшто се јавил за да праша?

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска одговори дека Стручната служба не ги известува радиодифузерите кога ќе се констатира прекршување. Доколку Советот смета дека треба да му се јават тогаш ќе го информираат. Во таа насока рече дека извештаите уште денес ќе бидат објавени на веб страницата на Агенцијата. Објасни дека надзорот за ТВ Ускана е заклучно со 6-ти април, што значи дека од 7-ми април можеби има повторно прекршување, можеби нема.

Г-дин Ајдини праша дали можеби се јавил, затоа што за да направи вакво прекршување можеби не го знае Законот.

Раководителката Јаневска објасни дека овој радиодифузер се јавил по друг повод, не за платеното политичко рекламирање. Комуникацијата била дека всушност тој пријавил и доставил официјално до Агенцијата по електронска пошта на contact@avmu.mk, информации дека има проблем со покривање на политичките субјекти затоа што политичките субјекти не ја канеле телевизијата, и таа во Кичево и регионалната во Тетово на настаните што ги организираат и во мејловите што ги испрати пријавил за двата медиуми дека нема да ја покрива кампањата во вести.

Г-дин Петрушевски рече дека за него ова прекршување е јасно, станува збор за математичка пресметка, радиодифузерот повеќе пати го прекршил Законот така што рече дека ќе го поддржи предлогот.

Г-дин Трајчев рече очигледно е дека се работи за прекршување според податоците врз основа на мерење, но сепак мисли дека е добро радиодифузерите да се информираат во вакви случаи затоа што не е целта да се казнуваат. Според Закон тоа е обврска на Советот, но доколку згрешиле и не се свесни за одредени членови од Законот или правилникот на Агенцијата, треба да знаат дека грешат и да престанат да грешат. Предложи кога ова ќе се случи да се информираат веднаш по констатирањето на било каков прекршок и дека овој начин е добро од страна на службите да се применува.

Г-дин Петрушевски рече дека не е некое прекршување на Законот тоа што го предложиле г-дин Ајдини и г-дин Трајчев, гледа само добра намера од страна на Советот да не бидат казнувани.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе се приклучи на дискусијата на г-дин Трајчев. Според него не е спорно дека има основ за поведување постапка по изборната регулатива, но исто така и тој апелира до службата да го извести радиодифузерот и да му укаже кои се правилата, што може да направи во однос на платеното политичко рекламирање, бидејќи колку што гледа од ова што е наведено во табелите освен еднаш, другите надминувања се помалку од 5 минути, 4 минути и 30 или 40 секунди. Тоа не е нешто драматично, и доколку му се укаже претпоставува и верува дека радиодифузерот ќе се коригира. Смета дека овој прекршок е направен од незнаење, но не го ослободува од грешката што ја направил. Не знае што ќе покаже продолжението на изборната кампања, но го радува фактот што во досегашниот тек, практично ова е прво отстапување на радиодифузерите од правилата и се надева дека до крајот на изборната кампања ќе ги има во што помал број.

Г-дин Петрушевски рече дека би се надоврзал на дискусијата на г-дин Фиданоски. Ова е прво отстапување, техничко, во поглед на надминување на времето, додека некои други големи прекршувања досега не забележал во кампањата. Посочи дека среќна околност е што тројцата кандидати за претседател се покажаа како многу културни и воспитани луѓе. Се надева дека така и во иднина ќе продолжи и тоа ќе се рефлектира и на медиумите.

Г-дин Јанчески рече дека треба да се прецизира во кој временски интервал односно во кој период ќе биде известен радиодифузерот за сторен прекршок. Смета дека тоа не треба да биде пред седницата на која што ќе се констатира прекршувањето, односно тоа не треба да биде по констатирање на прекршок од страна на службата, туку откога прекршокот ќе се констатира на седница од страна на Советот.

Г-дин Трајчевски објасни дека прво не може да се каже дека станува збор за незнаење, затоа што овој радиодифузер постои скоро 30 години. Законските правила се скоро идентични без оглед на измените во Изборниот законик. Второ истиот овој радиодифузер денес ќе достави извештај за тоа како ги покривал изборите во овој период каде што ќе бидат наведени токму и овие минути за платено политичко рекламирање. Смета дека е илузорно да се кажува дека треба службата да го известува радиодифузерот. Ако се оди по тој принцип тогаш денес треба да му се поднесат 4 прекршочни пријави а не да се кумулираат и да биде една. Апсолутно не прифаќа дека не знаел, радиодифузерите свесно знаат што прават, бидејќи станува збор за математика. Доколку не знаат тогаш очекува дека денес нема да доставаат извештај за да добијат пари од ДИК.

Г-дин Петрушевски рече согласно дискусијата членовите на Советот делумно имаат исти ставови делумно различни и тоа не претставува проблем и не е поврзано со денешното гласање. Се изјасни дека тој секако ќе го поддржи предлогот за поведување прекршочна постапка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ бр.10-2059/1 од 08.04.2019 година и утврди прекршување на Изборен законик.

Советот едногласно заклучи против Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а во врска со точка 4 од Упатството, наведениот радиодифузер во повеќе реални часови емитувана програма на 1, 2, 5 и 6 април 2019 година, одвои повеќе од 4 минути платено политичко рекламирање во еден реален час за кандидатот за претседател Блерим Река, поддржан од политичките партии во опозиција.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека сега веќе мора да се извести радиодифузерот за мерката, извештајот е веќе објавен на веб страницата на Агенцијата. Предложи дополнително да му се прати известување по електронска пошта, со што со ова известување за мерката се поклопува со она што претходно се дискутираше.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-2046/3**
**12-04 2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**